Република Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

Архивски бр: 11-7025/4
Дата: 28.12.2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : АД "ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА"СКОПЈЕ
Подружница РЕК "ОСЛОМЕЈ"
с. Осломеј

Предмет: Достава на Решение за издавање на согласност на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Транспортен систем за водено одлагање на пепелта од ТЕ Осломеј со депонирање во депресиите на рудникот Осломеј – исток и Осломеј – запад во општина Осломеј, за потребите на инвеститорот АД "ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА" од Скопје - Подружница РЕК "ОСЛОМЕЈ"

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Решението за издавање на согласност на Студија за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Транспортен систем за водено одлагање на пепелта од ТЕ Осломеј со депонирање во депресиите на рудникот Осломеј – исток и Осломеј – запад во општина Осломеј.

Со почит,

Изготвиле: Влатко Цветаноски
Хусни Тачи
Контролирал: м-р Зоран Бошев
Согласен: Александар Петковски
Одобрил: Игор Трајковски

МИНИСТЕР
m-r Abdilaqim Ademi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И
ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11 - 7025/4
Дата: 28.12.2012

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011 и 123/2012), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на проектот: Транспортен систем за водено одлагање на пепелта од ТЕ Осломеј со депонирање во депресиите на рудникот Осломеј – исток и Осломеј – запад во општина Осломеј, за потребите на инвеститорот АД "ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА" од Скопје - Подружница РЕК "ОСЛОМЕЈ".

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на проектот: Транспортен систем за водено одлагање на пепелта од ТЕ Осломеј со депонирање во депресиите на рудникот Осломеј – исток и Осломеј – запад во општина Осломеј, ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина, со задолжување до инвеститорот децидно да го имплементира планот за управување и мониторинг на животната средина.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

*Образложение*

АД "ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА" од Скопје - Подружница РЕК "ОСЛОМЕЈ", с. Осломеј во општина Осломеј, до Министерството за животна средина и просторно планирање ја достави Студија за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Транспортен систем за водено одлагање на пепелта од ТЕ Осломеј со депонирање во депресиите на рудникот Осломеј – исток и Осломеј – запад во општина Осломеј. Студијата е изготвена од страна на консултантскиот тим на "ЧАКАР - ПАРТНЕРС" ДОО од Скопје, со технички број 125/2011 од Јуни 2011 година, со назначено одговорно лице Роза Калајџиска – експерт за оцена на влијанието врз животната средина. Во Студијата се испитани и обработени следните аспекти: визуелни аспекти, кумулативни влијанија, топографија, хидрологија, биолошка разновидност, квалитет на амбиентален воздух, безбедност и здравје, социо – економски аспекти, јавна инфраструктура и услуги, природно, културно и историско наследство, бучава, отпад и загадување на почва и води и се разгледани можните алтернативни локации за изведба на проектот. Целта на проектот е да воспостави нова технологија на транспорт и одлагање на продуцираната пепел и згура добиени како отпад од производниот процес, кој е резултат од согорување на лигнитот во процесот на добивање на електрична енергија во термоелектраната. Со проектот се врши замена на постојната технологија на складирање на пепел со сува метода, со технологија која вклучува припрема на хидромешавина од пепел згура и вода во мешачка единица, транспорт на хидромешавината низ магистрален и дистрибутивен цевковод и нејзино трајно одложување во одлагалишта.

Согласно член 91 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011 и 123/2012) се одржа јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Транспортен систем за водено одлагање на пепелта од ТЕ Осломеј со депонирање во депресиите на рудникот Осломеј – исток и Осломеј – запад, на ден 07.09.2012 година (петок) во салата за состаноци на РЕК "ОСЛОМЕЈ" , општина Осломеј со почеток во 12:00 часот.

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина за проектот: Транспортен систем за водено одлагање на пепелта од ТЕ Осломеј со депонирање во депресиите на рудникот Осломеј – исток и Осломеј – запад во општина Осломеј, формирана од Министерот за животна средина и просторно планирање, по спроведената јавна расправа, согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006) го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна

средина и просторно планирање. Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Транспортен систем за водено одлагање на пепелта од ТЕ Осломеј со депонирање во депресиите на рудникот Осломеј – исток и Осломеј – запад во општина Осломеј ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина. Проектираните заштитни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз животната средина се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 5 од Законот за животна средина.

**МИНИСТЕР**
**m-r Abdilaqim Ademi**